*Н. ВЕЛЈАНОВСКИ*

# СЕМЕЈНИТЕ ТРГОВСКИ ФОНДОВИ ВО АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА И НИВНАТА ВАЖНОСТ ЗА ИСТОРИСКИТЕ ПРОУЧУВАЊА

Во Архивот на Македонија последниве години е обработена групата семејни (приватни) трговски фондови — архивска граѓа што има околу 100 фондови. Од нив наполно се обработени и достапни за користење во научни и други цели 70, а 30 фондови се во тек на обработка или пак се предвидуваат за обработување.

Според времето кога настанале документите што им припаѓаат на семејните трговски фондови, овие се релативно нови. Главно настанале во втората половина на XIX век и во почетокот на XX век, што е условено од постојните општествено-економски услови во Македонија во тој период. И местото на настанувањето на трговските фондови е условено од низа општествено-економски услови што дејствувале во времето на активноста на одделните трговски фамилии и трговци.

Значењето на трговските семејни фондови за проучување на историјата на македонскиот народ, особено на економската историја — е големо, но тоа значење не е согледано во доволна мера. Некои од трговските семејни фондови се користени во изработката на одделни научни трудови од научните работници, но тоа не е доволно за да може да се рече дека се користат. Бидејќи архивската граѓа од овие фондови уште не е публикувана, научната јавност не е сè уште доволно запозната со нивната содржина. Затоа, целта ни е да дадеме еден краток приказ на овие фондови, така што во извесна мера да придонесеме научната јавност да се запознае со нивната содржина и да се овозможи полесен пристап кон нивното користење.

За да може да се увиди нивната важност во проучувањето на историјата на Македонија, неоспорно е потребно да се знаат и општествено-економските прилики во Македонија во времето кога дејствувале одделните создавачи на архивската граѓа на семејните трговски фондови.

Феудалните односи во Европска Турција, кои во текот на XVIII век, со својата заостанатост и преживеаност, сè повеќе дошле до израз, станале кочница за натамошниот развиток на производните сили што покажувале тенденција на бавен растеж. Со постепеното насочување на селското стопанство кон стоковно производство и со напредувањето на градските занаети се создаваат услови за развиток на внатрешниот пазар. Неупотребените вишоци на земјоделските, сточарските и занаетчиските производи што останувале по задоволувањето на потребите на народот, турската војска и администрација, наоѓале место на странските пазари.

Трговијата во Македонија кон крајот на XVIII и во почетокот на XIX век во значителен дел се вршела во определени временски периоди и места што им биле познати на широкиот круг трговци, занаетчии и потрошувачи. (Види: Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија).

За развитокот на трговијата во Македонија во овој период од особена важност е да се спомене улогата на Цинцарите и на Евреите. Во натамошното излагање ќе се споменат и трговски фамилии што водат потекло од Москополе — Албанија. По разурнувањето на Москополе во 1769 и 1788 година, град што преставувал голем трговски посреднички центар, биле образувани повеќе цинцарски колонии во градовите Солун, Битола, Серес, Велес и др. Јаките меѓусебни врски и односи, како и извонредните трговски искуства, им овозможиле на Цинцарите да држат во свои раце голем дел од внатрешната и надворешната трговија во Македонија.

Не само Цинцарите, туку и Евреите играле значајна улога во трговијата во Македонија. Тие уживале голема доверба пред Турската Порта, па, поради тоа, и привилегии како трговци во Македонија.

Иако во почетокот главни носители на трговијата биле странските трговци и трговците од несловенско потекло, во XVIII век постепено се јавуваат и трговци од македонско потекло, на број далеку помалку од другите трговци, кои располагале со доста скромен капитал.

Во текот на XVIII век отоманската империја се вклучува во средоземноморската трговија, а се поврзува и со европската трговија. Тоа довело до оживување на трговската размена на Турција и другите европски земји, а со тоа и до трговска размена со Македонија, како составен дел на Турција. Оваа размена била поттикната и од потребите на европската индустрија од македонските суровини. Овие промени придонеле да се зголеми бројот на македонското население во градовите што носеле претежно турско обележје и да се зголеми бројот на трговците од македонско потекло.

Во XIX век, особено кон средината, бројот и економската улога на трговскиот слој во Македонија уште повеќе нараснала, што доаѓало како резултат од проширувањето на обемот на стоковното производство и на полесното дотурање на внесената стока однадвор, кое пак било условено од подобрувањето на сообраќајните услови и транспортот. Трговскиот слој, пак, придонел поинтензивно да се развиваат производните сили и да се развива внатрешниот пазар.

Развитокот на трговијата во Македонија во втората половина на XIX век го поткрепил и настојувањето на турската државна политика, да спроведе извесни и ограничени општествено-економски промени, кои нашле свој одраз во донесениот Трговски закон. Всушност, последниов не бил ништо друго, туку дословна примена на францускoто трговско законодавство во условите на Отоманската

империја. Кон крајот на втората половина од XIX век се ликвидирало внатрешното безредие, се создале ред и мир, а со тоа — и услови за побрза акумулација на капиталот и за послободен развиток на трговијата. Танкиот слој на македонското општество од редовите на трговците и трговските агенти и комисионери, побогатите занаетчии, закупувачите на даноци, заемодавците-лихвари и други — трупале големи парични средства и добивале сѐ поистакната улога во стопанскиот живот на Македонија. (Види: Д. Зографски, ц. д.)

Познато е дека по Кримската војна трговијата во Македонија, како внатрешната така и надворешната, зела силен замав, а тоа особено се осетило во последните години на XIX век. Во тоа време улогата на градот Солун во надворешната трговија била толку голема што скоро сите градови и другите делови во Македонија се снабдувале со стоки од странство, главно преку Солун.

При крајот на XIX и почетокот на XX век во Македонија работат голем број трговци од македонско потекло. Нивниот број, освен во Солун е позабележителен во Битола, Скопје и Велес. Дека Солун бил главен трговски центар од кој се снабдувале и преку кој извезувале македонските трговци, се гледа и од зачуваната архивска граѓа во семејните трговски фондови, каде што солунските трговци се појавуваат како главни партнери на трговците од другите градови во Македонија.

Имајќи го предвид бројот на трговците што дејствувале при крајот на XIX и почетокот на XX век, бројот на зачуваните архивски фондови настанати во дејствувањето на трговците е релативно мал. Токму поради тоа се зголемува и нивната улога и важноста како изворен оригинален материјал за историски проучувања. Нашата намера е да ги прикажеме во основни црти само архивските фондови на трговците што настанале во втората половина на XIX и почетокот на XX век, односно до Првата светска војна.

Зачуваните трговски фондови архивска граѓа претежно припаѓаат на трговци и трговски фамили што работеле во Скопје и Велес, додека од дејноста на трговците во другите градови на Македонија се зачувани минимален број фондови. Извесен број од нив се чуваат во локалните историски архиви на Македонија.

Од трговците и трговските фамилии што дејствувале во Скопје се зачувани следниве архивски фондови:

*1, Фонд: СТОЈАН СТОЈЧЕВ, трговец*

Граничните години на документите се 1786—1941 година. Архивскиот фонд на Стојан Стојчев е прилично мал. Тој е сместен во две архивски кутии, од кои едната содржи разни трговски книги и бележници, а другата содржи негови лични документи, приватна и деловна преписка. Најстарите документи, всушност, се лични документи, додека другите, кои се создавани во текот на неговата трговска дејност, се од поново време, од 1905 година до 1941 година.

*2. Фонд: ТРГОВСКА ФАМИЛИЈА ЖЕЛЕЗАРОВИ*

Граничните години на документите се 1864—1940 година. Трговската фамилија Железарови од Скопје се занимавала со трговија на алкохолни пијалоци преку своите винарско-ракиџиски дуќани. Од трговската фамилија Железарови најпознат трговец бил Ристо Железаров, кој прв почнал да се занимава со трговска дејност и е основоположник на трговската фамилија. Поголемиот дел од зачуваните документи се од 1898 година наваму. Тоа се, главно, документи настанати при извршувањето на трговската дејност на фамилијата, додека постарите документи се лични документи на трговската фамилија Железарови. Архивскиот фонд се состои од 6 трговски книги и од две кутии лична и деловна преписка, претежно пишувана на турски јазик.

*3. Фонд: ТРГОВСКА ФАМИЛИЈА ШКАПЕРДА*

Граничните години на документите се 1880—1928 година.

Архивскиот фонд на трговската фамилија Шкаперда содржи 20 трговски книги и само една кутија деловна преписка. Од деловната преписка се гледа дека фамилијата тргувала со разни трговци од Македонија и од други европски земји, но, поради малиот број документи, не може во целост да се оцени нејзината трговска дејност.

*4. Фонд: ТРГОВСКА ФАМИЛИЈА РИСТИЌ*

Гранични години на документите 1881—1941 година.

Основач на трговската фамилија е Риста Василевиќ, кој почнал со трговска дејност во 1881 година во Пеќ. Неговата работа од 1906 година во Скопје ја продолжува син му Саво Ристиќ, а од 1921 година работат под фирма Браќа Ристиќ. Засебно од Браќата Ристиќ од 1925—1932 година работи Драгутин Васиќ.

Трговската дејност на фамилијата била голема, иако според постојната архивска граѓа не би можело да се рече дека е целосно зачувана. Од трговската дејност на фамилијата се зачувани 26 трговски книги, додека од преписката најважно место зазема деловната преписка со разни фирми од Белград, Митровица, Апатин, Битола и други градови во земјата, како и деловната преписка со голем број странски земји, меѓу кои Австрија, Германија, Чехословачка и други, чијашто големина изнесува 3 архивски кутии.

*5. Фонд: ПЕТАР АНАСТАСОВ — ЌУЧУК, трговец*

Гранични години на документите 1881—1947 година.

Архивскиот фонд на Петар Анастасов е еден од пообемните фондови. Содржи 9 архивски кутии со деловна и лична преписка и 52 разни трговски книги. Од зачуваната архивска граѓа се гледа дека одржувал трговски врски со разни трговци од земјата и од странство. Меѓу странските партнери особено се истакнуваат Главната унгарска банка и Анонимното трговско друштво за банки и трговија во Будимпешта, потоа — со поголем број трговски фирми од Солун, со Бугарската банка во Софија и др. Од почетокот со фирмата работи Петар, а подоцна работата ја продолжува неговиот син Кирил Анастасов.

*6. Фонд: ТРГОВСКА ФАМИЛИЈА ПЕТРОВСКИ*

Гранични години на документите 1884—1947 година.

Ова е една од постарите трговски фамилии. Својата дејност ја почнала во 1884 година и, менувајќи се, наследниците на основачот Михајло Петровски работат до 1947 година. Фамилијата тргувала со разни стоки, но особено место заземале колонијалните стоки, и тоа претежно во внатрешноста, додека трговија со странство од постојните документи не се забележува. Фондот содржи 37 трговски книги, дневници и бележници, а една кутија деловна и лична преписка.

*7. Фонд: ИЛИЈА КРТЕВ, трговец*

Граничните години на фондот се 1886—1926 година.

Од неговата трговска дејност се зачувани мал број документи, така што не може да се види ни обемот на трговската дејност.

*8. Фонд: С. и Ф. ОГЊАНОВИ, трговци и фабриканти*

Гранични години на документите 1886—1935 година.

Архивскиот фонд е прилично обемен, што сведочи и за обемната дејност на фамилијата. Фамилијата, всушност, била сопственик на фабрика за алкалоидни производи, но се занимавала и со трговска дејност, при кое особено тргувала со своите производи. Ова се гледа и од содржината на зачуваните документи, каде што, покрај деловните документи и документите околу изградбата на фабриката, зачувани се и 17 трговски книги од 1886—1935 година.

*9. Фонд: БРАЌА ДИМИТРИЈЕВИЌ, трговци*

Гранични години на документите се 1888—1947 година.

Зачувани се само трговските книги во големина од една архивска кутија. Другата документација од дејноста на нивната фирма не е зачувана, па, поради тоа, не може со сигурност да се оцени и обемот на нивната трговска дејност.

*10. Фонд: ТОДОР ДРАНГОВ, трговец*

Гранични години на документите се 1893—1914 година.

И од дејноста на овој трговец се зачувани мал број документи, и тоа само една архивска кутија трговски книги и дневници. Преписка, било деловна или лична, како и друга документација, нема.

*11. Фонд: ТАСЕ ПОП АНТОВИЌ и АЛЕКСА ПОП АНТОВИЌ, трговци — Скопје*

Гранични години на документите 1904—1940 година.

Почнува со работа во 1904 година и работи самостојно до 1925 година, кога ја продолжува работата со Данило Јанчуловиќ. Така, под заедничко име Поп Антовиќ-Јанчуловиќ, фирмата работи до 1929 година, кога се одделува и ја продолжува работата самостојно под фирма Тасе Поп Антовиќ и синови. Архивскиот фонд, создаван во текот на трговската дејност, се состои само од трговски книги (37), додека друга преписка и документација не е зачувана.

*12. Фонд: ДАНИЛО ЈАНЧУЛЕВ, трговец — Скопје*

Гранични години на документите 1909—1948 година.

Данило Јанчулев врши значајна трговска дејност што се заклучува и од големината на зачуваниот архивски фонд. Зачувани се приватни писма, документи од неговата општествена дејност и документи од стопанската дејност. Документите од стопанската дејност се создавани преку редовно кореспондирање со разни фирми од земјата и од странство. Особено помногубројни се документите создавани во деловните односи со странство, скоро со сите европски земји. Во 1925 година Јанчулев продолжува да работи во заедница со Тасе Поп Антовиќ до 1929 година, а потоа работи пак самостојно. Архивскиот фонд на Јанчулев се состои од 12 архивски кутии преписка и од повеќе трговски книги.

*13. Фонд: ДИМЧЕ ТРАЈКОВ И СИНОВИ, трговци — Скопје*

Гранични години на документите се 1905—1922 година.

Не вршеле некоја забележителна трговска дејност, што се гледа и од зачуваните трговски книги. Преписка и друга документација не е зачувана, туку само неколку трговски книги.

*14. Фонд: ФАМИЛИЈА ЛАЗАРЕВИ, трговска увозно-извозна — Скопје*

Гранични години на документите се 1909—1945 година.

Работата на фамилијата Лазареви била прилично разгранета. Тргувале со разни фирми, а во Скопје и по други места застапувале и други од Европа.

Од преписката зачувана во архивскиот фонд на фамилијата се гледа дека таа одржувала трговски врски со разни фирми од повеќе градови во Европа. Во трговските односи особено место им припаѓа на трговските односи со грчките трговци, поради што и целиот фонд е скоро на грчки јазик, само понекој документ се среќава и на други јазици. Архивскиот фонд содржи 7 кутии архивски материјали и повеќе трговски книги.

*15. Фонд: СТЕВАН СКАЛОВ, застапник — Скопје*

Гранични години на документите се 1910—1941 година.

Фондот содржи 14 трговски книги и деловна преписка. Деловната преписка претежно ја сочинуваат копирници кои всушност се копија на испраќаните деловни писма, фактури и сл. Деловна преписка е одржувана со повеќе градови во земјата и во странство. Најмногу со Солун и Трст.

*16. Фонд: ТРГОВСКА ФАМИЛИЈА НАСТЕВИ — Скопје*

Гранични години на документите 1911—1943 година.

Еден од најобемните архивски фондови што се чуваат во овој архив. Фамилијата вршела обемна трговска дејност, а од тоа се зачувани прилично големо количество архивски материјали. Фамилијата имала трговски односи со разни фирми во целиот свет, така што повеќе била ориентирана кон трговија со странски земји, а помалку во земјата. Во нивна сопственост работела и мелницата „Балкан", во Скопје.

Во архивскиот фонд на оваа фамилија се зачувани трговските книги и преписката. Бројот на трговските книги изнесува 36, додека деловната и другата преписка зафаќа 24 архивски кутии. Тука се сметани и копирниците, на кои претходно се одбележувала содржината на доставуваните деловни и други писма.

*17. Фонд: МАШОВИ, трговска фамилија — Велес.*

Гранични години на документите се 1853—1922 година.

Фондот се состои од околу 200 книги и 14 кутии архивска граѓа.

За да може да се сфати важноста на овој извонредно важен фонд, (за кој стручен осврт направи архивистот Р. Кирјазовски), потребно е да се знаат општествено-економските прилики во Велес во времето кога дејствувале Машови. Машови водат потекло од Москополе, од оние Цинцари кои во Македонија се населиле, а биле со богато трговско искуство кое многу им придонело да ја развијат трговијата во Велес.

Благодарение на географската положба што ја имал, Велес станува сообраќаен јазел, а со тоа се создаваат поволни можности за развиток на внатрешната и на надворешната трговија.

Мерките што ги презема Отоманската империја за подобрување и развивање на трговијата наоѓаат одраз и во Велес, како и во другите македонски градови. Развитокот на трговијата, од своја страна, го влече и производството што се остварува преку занаетите, а со тоа се овозможува уште поголема диференцијација на занаетите и поделба на трудот. Во овој период се развива кожарскиот занает и се создадени поволни услови за буржоаска акумулација. Како резултат од ваквиот развиток на Велес во текот на XIX век, се појавува и потребата од одржување на трговскиот панаѓур од втората половина на XIX век.

За проширување и развивање на трговијата многу придонесува и речниот сообраќај по реката Вардар до Велес. По Вардар, од Велес за Солун, се пренесуваат жито, индустриски култури и дрвен материјал. Увозната и извозната трговија уште повеќе се проширува и со изградбата на првата железничка линија од Солун до Скопје и нејзиното проширување до турско-српските граници.

Развитокот на трговијата и сè поголемото внесување туѓа стока придонесува да се јави поголема имотна диференцијација меѓу велешкото население, а и меѓу самите трговци и занаетчии. Се јавува еден слој побогати лихвари кои, за позајмените парични суми, добиваат огромни лихви. Ова придонесува за уште поголемо осиромашување на сиромашните слоеви. Осиромашувањето, особено на селското население го помагаат и многубројните даноци кои постојано се зголемуваат. При претворањето на спаилаците во чифлици, доста селани остануваат без земја. Таквата положба придонесува да се јави масовно емигрирање во последните децении на XIX век и до појавата на многу евтина работна рака.

Тоа се накратко приликите во кои работела трговската фамилија Машови, додека нејзиното место и улога во општествено-економскиот живот во Велес, а и во поголем дел од Македонија се гледа од зачуваната архивска граѓа во нејзиниот архивски фонд.

Прв човек од оваа фамилија е Коста Машо, роден во Велес во 1829 година. Лозата на фамилијата ја продолжуваат неговите синови Петар, д-р Пандели, Трајан и Ромчо Машо. Една од најпроширените дејности на Машови била трговијата со земјоделски и индустриски производи на големо. Со трговија почнале да се занимаваат во втората половина на XIX век. Стоката ја купувале во Македонија, во внатрешноста на Македонија (Скопско, Кумановско, Велешко, Светиниколско, Штипско, Прилепско и др.) и од **Србија.** За таа цел, тие имале поставено свои претставници во овие градови каде што вршеле откуп на земјоделски и на индустриски производи. Најважни извори за купување стока биле чифлик-сајбиите и претприемачите на десеток. Во споменативе градови имале отворено пунктови за складирање стока.

Стоките со кои тргувале, Машови главно ги пласирале во Солун и во Скопје. Притоа, од оние градови што биле поврзани со железничка линија ги експедирале директно, додека од другите градови претходно ги собирале во Велес, од каде што пак дополнително им се одредувал пласманот. Подоцна Машови почнале да се занимаваат и со собирање десеток, при кое добивале разни производи погодни за тргување.

Трговската работа на Машови им носела огромни печалби. Благодарение на тесните врски со Портата и со локалните турски власти, успеале да ги истиснат претприемачите на десеток и да заземат претприемање на десеток во многу градови во Македонија. Одејќи низ документите, паѓа в очи лошата положба на селанецот во Македонија, а особено во оние краишта во кои Машови прибирале десеток. Од нив дознаваме за висината на десетокот, за приносите од земјоделството во одделни видови култури, за отпорот на осиромашеното население против експлоатацијата и за други моменти во врска со положбата на македонското село во овој период. Меѓу другото, Машови често се жалат дека селаните го прикривале производството и нередовно плаќале десеток. Вакви истапи особено се забележани во последната деценија на XIX век, поради што Машови биле принудени да го собираат десетокот со помошта на месната турска власт. Голем број документи зборуваат и за експлоатација на наемната работна рака, бидејќи во целата таа дејност била користена работна рака.

Машови ја искористиле настанатата положба со наглото осиромашување на селаните и на одделни занаетчии и почнале да се занимаваат со лихварство. Тие давале пари, жито и други производи под изразито тешки услови. Лихвата понекогаш достигнувала и до 60% од позајмената стока или сума пари. Одделни корисници на лихва, кои не можеле да се оддолжат со пари, биле принудени да работат на имотите на Машови за изразито ниски дневници. Поради ненавремено враќање на заемите што ги давале на одделни посиромашни трговци и занаетчии, чести биле и судските спорови со нив, кои, како според некое правило, скоро секогаш завршувале во интерес на Машови.

Дејност која на Машови, исто како и другите дејности, им носела огромни суми пари било и снабдувањето на турските воени единици во Велес и во Куманово со прехранбени артикли. Од документите може да се види и формацискиот состав на турските единици во последните децении на XIX век.

Бидејќи во последните децении на минатиот век Македонија била поприште на дејствувањето на разни пропаганди, и Машови, поради својата општествено-економска улога, не останале надвор од овие настани. Од документацијата во архивскиот фонд се гледа дека тие биле носители на влашката пропаганда во овој дел на Македонија. Д-р Пандели Машо бил стипендист на романската влада, а подоцна го презел раководењето на влашката пропаганда во Велес, Скопје и Куманово.

Тоа се, главно, податоци за општествено-економската дејност на Машови. Имајќи ја предвид нивната важност, секако дека овој архивски фонд може да се оцени како доста значаен за проучувањето на историјата на Македонија во овој период, односно на Велес и на неговата околија.

*18. Фонд: ФАМИЛИЈА РИЗОВИ, трговци — Велес.*

Гранични години на документите 1867—1925 година.

И оваа фамилија е една од постарите трговски куќи во Велес. Коста Ризов е најстариот член на фамилијата и токму тој ја почнува трговската дејност која подоцна ја продолжуваат неговите синови Крум Ризов и Јордан Ризов. Фамилијата тргувала со многу странски земји и со внатрешните делови на Македонија, но зачуваната архивска граѓа сепак не е толку голема. Опфаќа 2 кутии преписка и 24 разни трговски книги.

*19. Фонд: ЌИРКОВИ, трговска фамилија — Велес*

Гранични години на архивската граѓа 1863—1910 година.

Ќиркови се една од постарите трговски фамилии. Од нивното работење не е зачувано големо количество архивска граѓа, но сепак од зачуваното во архивскиот фонд на фамилијата може да се констатира дека вршеле широка трговска дејност. Во архивскиот фонд се зачувани неколку видови документи кои настанувале во текот на трговската дејност, како: документи што се однесуваат до целата фамилија, биографски материјали, документи од лична и општествена дејност, лична преписка, а како најзначајни се документите од стопанската дејност.

*20. Фонд: ЃОРЃИ КРАЈНИЧАНЕЦ, трговец — Велес*

Гранични години на документите 1890—1922 година.

Фондот содржи 10 трговски тефтери (книги на должници), лична и деловна преписка со разни градови од земјата и од странство. Најмногу деловни врски одржувал со разни трговци од Солун. Личната и деловната преписка изнесува 2 архивски кутии.

*21. Фонд: ДЕБАРЛИЕВИ, трговска фамилија — Велес*

Гранични години на документите 1890—1945 година.

Архивскиот фонд на трговската фамилија Дебарлиеви е доста обемен. Од постојната архивска документација може да се заклучи дека се одржувани трговски врски со многу градови од Македонија, Србија, а вршена е трговска размена со голем број странски градови.

*22. Фонд: ПЕШОВИ, ТРГОВСКА ФАМИЛИЈА — Велес*

Гранични години на документите 1904—1930 година.

Од трговската дејност на фамилијата е зачувано мало количество архивска граѓа. Зачувани се само 3 трговски книги и мал дел деловна и лична преписка, меѓу кои најважна е преписката со Солун.

*23. Фонд: ФАМИЛИЈА БОГДАНОВИ, трговци — Велес*

Гранични години на документите 1904—1919 година.

Фондот содржи трговски книги од дејноста на фамилијата и копирни книги кои се всушност, копија на преписката со разни трговски фирми.

*24. Фонд: ФАМИЛИЈА ВРТАНОВИ, трговци — Прилеп*

Гранични години на документите 1887—1948 година.

Овој архивски фонд е единствен постар фонд создаден во Прилеп. Фамилијата Вртанови вршела доста обемна трговска дејност во крајот на XIX и почетокот на XX век. Фондот содржи 36 трговски книги, дневници, книги на должници од одделни спаилаци во Прилепско, додека личната и деловната преписка на фамилијата е зачувана во помал обем и изнесува само една архивска кутија.

*25. Фонд: ФАМИЛИЈА БОГОЕВИЌ, трговци — Тетово*

Гранични години на документите 1868—1915 година.

Како и претходниот, овој е единствено зачуван фонд од Тетово.

Обемот на фондот е прилично голем, а според поврзаноста и текот на документите може да се заклучи дека е целосен. Фондот содржи 12 архивски кутии и 85 трговски и други книги создавани во трговската дејност на фамилијата.

*26. Фонд: ФАМИЛИЈА АНДРЕЕВИ, трговци — Крушево*

Гранични години на документите 1887—1922 година.

Досега е единствен пронајден зачуван фонд, иако не може да се претпостави дека е целосно зачуван. Содржи само 22 трговски книги и дневници, додека друга документација не е зачувана.

Приведениве фондови, како што е спомнато и понапред, содржат документи создавани во текот на XIX и во почетокот на XX век. Не се прикажани сите семејни трговски фондови од поновиот период, но само оние што се создавани пред Првата светска војна. Последново е сторено поради важноста на овие фондови за проучување на историјата на Македонија, особено на нејзината економска историја, појавата на елементи на капиталистичко стопанство и ред други појави.

Семејни трговски фондови имаат и другите историски архиви во Македонија, но нивната важност не е толку голема и поради тоа што поважните архивски фондови од овој вид му се преотстапувани на Архивот на Македонија.